# Психолозите изготвија тест за мерење на креативноста кај едногодишните деца

Тим на психолози во Англија велат дека изготвиле сигурен начин за мерење на дивергентното мислење кај еднogодишните деца. Дивергентно мислење е форма на креативност што вклучува откривање нови идеи или начини на правење на нештата. Наодите објавени во „Детски развој“ (*Child Development)* овозможуваат откривање на раните фактори за креативност, и потенцијално отвараат простор за интервенции за рано поттикнување на креативноста кај децата.

Елена Хоичка од Универзитетот во Шефилд и нејзините соработници снимиле 29 деца (на просечна возраст од 19 месеци) додека самостојно си играле со специјално дизајнирана кутија што била зададена во комбинација  со еден од пет необични предмети едновремено (во времетраење од 90 секунди), на пример јајце од жица или пластична кука.

Подоцна, истражувачите го гледале видеото и броеле колку секое дете извело единствени движења со секој предмет. За да се брои како ново движење, детето требало да направи нешто различно со предметот или да го изведе истото движење со предметот, но на друга страна од кутијата. Кутијата имала различни прегради, скалички, полици, дупки и жици, нудејќи многу можности за играње.  Колку бил поголем бројот на движењата што детето ги направило со предметите и кутијата, толку повисок резултат за дивергентно мислење постигнувало.

Тестот имал широк опсег на резултати, со можност за диференцирње на децата. Дотолку повеќе, кога истите деца биле тестирани две недели подоцна, постигнале многу слични резултати. Кажано со јазикот на психолозите, ова е знак на „тест-ретест“ релијабилност, што укажува дека тестот мери трајна карактеристика на дивергентно мислење, наместо влијание на моментални фактори како расположение или замор. Исто така, детските движења за време на второто тестирање биле нови, што покажува дека не станува збор само за тоа дека децата со повисоки резултати ги помнеле своите движења од првото тестирање.

Дополнително, истражувачите ги прашале мајките и татковците на децата да пополнат тест за дивергентно мислење за возрасни којшто вклучувал делумно нацртани слики на имагинативни начини. Резултатите за креативност на родителите биле во умерена до висока корелација со оние на нивните деца. Ова може да се должи на тоа што креативноста е делумно наследна или пак на тоа што децата учат од креативноста на своите родители. Интересно е и тоа што постои можност креативните деца да влијаат на креативноста насвоите родители. „Возможно е!“, велат истражувачите. „Ако родителите имаат дете кое сака да истражува, тие лесно можат да подпаднат под негово влијание и самите да истражуваат повеќе.“

Изворниот текст може да се најде на:

http://digest.bps.org.uk/2016/05/psychologists-have-devised-test-for.html